# ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ

Студиска програма: **КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ**

Времетраење на студиската програма: **1 година**

ЕКТС кредити: **60**

## Цели на студиската програма

На Факултетот за безбедност како високообразовна и научно-истражувачка институција во областа на безбедноста, криминалистиката, криминологијата, форензиката, безбедноста и финансиската контрола се спроведува високообразовна, научно-истражувачка и применувачка дејност, како и континуирано образование и обука.

Со реализирањето на современи студии, Факултетот за безбедност го осмислува до крај своето постоење, ја заокружува својата физиономија на наставно-научна и истражувачка институција од областа на безбедноста, криминалистистиката и криминологијата со што ги оправдува општествените потреби за нејзиното основање.

Врз основа на резултатите од анализа на потребите на безбедносниот систем на Република Македонија и утврдувањето на дефицитарните занимања, односно занимањата кои се актуелни и/или ќе бидат барани во иднина, актуелните студски програми оставаат простор за формулирање и воведување на нови програми и наставни целини структурирани начин кој ќе одговори на реалните пртреби за профилирање на високи кадри од областа на безбедноста.

Токму спецификацијата на дефицитарните занимања, односно расположливите можности за вработување, но и заработката, покрај напредокот во кариерата и личното задоволство од работата, се детерминирани основни критериуми при избор на понатамошното високо образование од страна идните студенти на сите циклуси, но и како референтна точка за идентификување на потребите за воведување на нови содржини во високото образование.

Овие студии се мултидисциплинарни и се економски, политички, правни, етички, информатички, животната средина, хуманитарни и други аспекти на проучување на феноменот на безбедноста и управувањето со кризи.

Во основа, кризниот менаџмент претставува нов безбедносен концепт и поинаков приод во процесот на справувањето со новите безбедносни предизвици. Имајќи ја предвид состојбата на целосно различната природа на ризиците со кои денес сè почесто се соочуваме, кризниот менаџмент во најголем број современи општества се заснова врз принципите што ги имаат усвоено колективните безбедносни системи. Заради вака комплексната глобална состојба, кризниот менаџмент се најде многу високо во безбедносните агенди на ООН, ЕУ и НАТО. Исто така и Република Македонија настојувајќи да се одржи во чекор со нив ги презема сите потребни мерки за имплемантација на кризниот менаџмент во спроведувањето на политиките за превенција и намалување на ризиците од несреќи и обезбедување на услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани.

## Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)

- **Знаење и разбирање**

– Покажува знаење и разбирање за безбедноста, особено во делот на управувањето со кризи и безбедноста, стратегиски менаџмент и безбедносни организации.
– Разбира и може да примени методологии соодветни за решавање сложени проблеми од полето на безбедносните науки, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и примената на автономни идеи во контекст на истражувањето на областа управувањето со кризи и безбедноста, односно кризниот менаџмент.
– Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење во полето безбедносните науки со продлабочено знаење за методологијата на кризниот менаџмент.
– Покажува високо ниво на професионална компетентност во полето безбедносните науки и ја разбира меѓусебната испреплетеност на предметните области од други научни полиња како што се одбранбените, економските, социолошките, психолошките, комуниколошките и политиколошлите, техничките науки.
– Поседува знаење од безбедносните науки кои се базирани на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле.

- **Примена на знаењето и разбирањето**

– Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на безбедносните науки.
– Способност практично да го примени теоретското знаењето во безбедносните организации и системи (национални и мултинационални), да ја примени методологијата на кризен менаџмент за решавање на конфликтни, кризни проблеми и донесување на квалитетни одлуки во функција на стабилизирање на состојбата
– Способност да работи во хетерогена средина и да примени критичка евалуација на фактите за решавање на безбедносни проблеми.

- **Способност за проценка**

– Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето за решавање проблеми од управување со кризи и менаџмент.
– Способност за справување со сложени прашања поврзани со менаџментот со кризи кои имаат допирни точки со други научни полиња но и со поширокиот општествен контекст,
– Способност да направи проценка на комплексни проблеми на систематски и креативен начин и во ситуации кога има некомплетни и ограничени информации да може да донесе одлука,
– Изградена способност за проценка врз основа на стекнатото знаење да носи етички базирани одлуки, со сенс за личните и општествените вредности.
– Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области на безбедноста и управувањето со кризи, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.

- **Комуникациски вештини**

– Способност за јасна, концизна комуникација (вербална, невербална вештини и писмена) со засегнатите страни.

- Високо ниво на презентерски вештини со користење на напредна технологија и избор на соодветен медиум.
- Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено.
- Водење и иницирање на активна комуникација, со голема свесност за бариерите на ефективната комуникација

➢ **Вештини на учење**

- Висока свесност и познавање на концептот за доживотно учење.
- Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во доменот на интерес.
- Да ги евалуира активностите и процесот на учење на засегнатите страни и да изнајде стратегии за нивно подобрување
- Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување
- Способност за правење стратегии за професионален развој на ниво на организација за управување со кризи и безбедноста

## ЛИСТА НА ПРЕДМЕТИ

### ***ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ – СЕМЕСТАР 1***

### ***Управување со ризици од кризи и катастрофи: од теорија во пракса (6 ЕКТС)***

Управувањето со кризи е многу сложена и одговорна обврска, опфаќа различни задачи во зависност од дејноста и областа на работата на правните лица, компании или локални и регионални власти, како и на државната администрација. Затоа е многу важно да се воспостави систем на заштита која ќе спречува кризи, ја зголемува отпорноста на дејство и го зголемува нивото на способност да се справат со последиците и обновување, добро познавање на процесот на потенцијални кризи и способноста за управување со систем за заштита е главната задача на управување со кризи.

Кога се споменува терминот "катастрофа", постои непосредна претпоставката дека се работи за опасност од пожар - земјотрес / поплава / вулканска ерупција /, итн, кога во вистинска смисла, тие се само природни феномени кои само да доведе до "катастрофа" во присуството на одредени услови. Такви услови кои доведуваат до оштетување и смртни случаи се својствени слабости во двата социјални групи и физички структури. Има опсесија во медиумите со науката на опасностите и далеку помалку внимание на социо-економски и политички слабости што доведе до заблуда дека науката е одговор на она што во суштина е последица на нееднаквост, недостаток на пристап и право на ресурси и многу пошироко структурни фактори.

### ***Интегрирана соработка во кризниот менаџмент (6 ЕКТС)***

Во последните десетина години серијата природни непогоди и сериозни безбедносни ризици и закани предизвикани од човекот, од политички и од хуманитарен карактер ги зближија заедниците, државите и релевантните организации во рамките на меѓународната заедница да пристапат посериозно во градењето пристап и во креирањето капацитети за справување, а се во рамките на активностите поврзани со превенцијата (подготвеноста), справувањето, обновата и управувањето со кризите. Клучни се покажаа настаните поврзани со поплавите во Европа кои го земаа својот данок во човечки животи и предизвикаа огромна материјална штета од неколку дестици милијарди евра. Воедно низата земјотреси покажаа дека развиениот свет сѐ уште е ранлив на ефектите од природните непогоди. На природните непогоди се надоврзуваат серијата закани и опасности од политички и хуманитарен карактер, а токму бегалската криза предизвикана со војните во Авганистан, Сирија и Ирак и последните терористички напади во Париз (2015) покажаа дека кризниот менаџмент е многу повеќе од теоретски концепт базиран на неолиберализмот и од условено декларирање на сили и капацитети.

Затоа, предметот има за главна цел студентите да стекнат знаења за актуелните пристапи во превенцијата, справување и обновата од природни непогоди и непогоди настанати од човекот, со посебен акцент на плановите за вонредни ситуации и продолжување со работата (*анг.* Contingency and business continuity plans) опфатени преку студии на случај и анализи.

### ***Современи аспекти и технологии во системот на кризниот менаџмент (6 ЕКТС)***

Стекнување на знаења, развој на способности и вештини: за примена на GIS; за изработка на работни карти, скици и шеми за мапирање; за интерактивни карти; за улогата на геоинформациите во случаи на природни катастрофи и катастрофи создадени од човекот; за собирање, обработка, анализа и прикажување на информации воопшто и во GIS за природните катастрофи и катастрофите создадени од човекот; за обезбедување на прелиминарна проценка на штетата после катастрофа и епидемија врз основа на достапните просторни информации; за анализа на GIS

информации преземени од веб страници и изработка на карти на актуелни природни катастрофи и катастрофи создадени од човекот и други чинители.

***Методологија на истражување на безбедносните појави и истражувачки дизајн (6 ЕКТС)***

Студентите се стекнуваат со основните знаења од Методологијата на безбедносните појави и истражувачкиот дизајн, посебно основните содржини и принципи на логичкото мислење, а особено менаџирањето со кризите. Знаењата што се стекнуваат со овој предмет на студентите им овозможува да ги разликуваат научните од другите видови сознанија, да го познаваат предметот и методиите на методологијата, посебно да се стекнат со специјалистички познавања од изработката на истражувачки дизајни за сознавање на менаџирењето со кризите и безбедноста. Се стекнуваат знаења за процесот на изработката и реализацијата на проектот на истражувањето. При тоа како посебно специфични знаења се осопособеноста да ги определат истражувачките дизајни, да ги дефинираат податоците, да ги познаваат техниките за собирање, средување и обработка на податоците, посебно на статистичките техники на обработка и прикажување на податоците. Во таа смила тие ќе знаат да ги обработат, прикажат и интерпретираат податоците, како и ќе ги совладаат другите техники и средства на аналитичката постапка и вршењето на квалитетна анализа, со примена на квалитативни и квантитативни истражувачки дизајни.

***ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ – СЕМЕСТАР 2***

***НАСОКА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ***

***Интегрирање на науката и на апликативните алатки во справувањето со кризи (6 ЕКТС)***

Предментанта програма им две клучни цели:
1. Да се одговори на зголемената и препознаената потреба дека научните и други технички знаења мора сѐ повеќе да се интегрираат на систематски начин во стратегиите за намалување на ризиците од катастрофи. Исто така, знаењата мора да содејствуваат со е мора да ги почитуваат и да се интегрираат со локалните и автохтони знаења.
2. Претходни споментатите знаења да биде надградена со широк спектар на вештини кои се во прилог на управувањето со кризи, но и со истите вештини да се придонесе за подобрување на свеста за предностите и слабостите во областа.
Во рамките на предментата програма, студентите треба да стекнат знаења за тоа како науката придонесува за информирање и подобрување на стратегиите за намалување на катастрофите, но и да ги обучи студентите со вештини и знаења за решавање на комплектни проблеми во управувањето со кризи преку нивни ангажман во корелација со научните знаења, методите, податоците и експертизата.
Предметот на студнтите да им овозможи да го разберат значењето на усната и писмената комуникација која се одвива помеѓу релевантите институции, да се стекнат со основни знаења врз основа на примери за техники за проценка на неизвесни ситуации и за земање на податоци и разбирање на важноста на работата на другите. На тој начин студнтите подобро би го разбрале нивниот личен придонес и улога во рамките на системот за управување со кризи, преку спознавање на владеењето на вештините и знаењата и насоките за личен развој во областа. Овој дел предвидува работа според сценарија и практични вежби, вклучувајќи ги студнтите во процесите за креирање на логистичките и оперативните планови и во донесувањето на одлуки.

## ***Процена на ризик (6 ЕКТС)***

Студентите да ги апсолвираат неопходните знаења во врска со процената на ризикот, а во рамките на кризниот менаџмент.Овие знаења ќе им овозможат компетентно вклучување во тимовите за справување со кризни состојби, како на национално, така и на меѓународно ниво.Особено ќе биде значајно да се оспособат за препознавање и проценување на ризиците спрема виталните национални интереси и утврдување на методите и средствата за справување со конкретните закани во безбедносната сфера.

## ***Планирање и координација на службите за итни повици (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма се студентот да стекне напредни знаења за службите кои учествуваат во системот на итни повици, за нивните активности, процедурите и постапките за одговор на кризните ситуации. Управувањето со кризи е суштински значаен дел на политиките кои ги спорведува секоја држава, а запознавајќи се со активностите на тие служби студентите:

- ќе стекнат познавања за системот за управување со кризи во Република Македонија;
- ќе бидат во можност да ги разликуваат службите кои учествуваат во справувањето со кризите;
- ќе бидат способни да го препознаат и проценат системот на итни повици (Е-112)
- ќе бидат способни да го разберат планирањето на активностите и координацијата помеѓу тие служби;
- ќе ги знаат најзначајните аспекти на раководењето и управувањето со службите за итни повици во ЕУ и во Република Македонија и ќе бидат во можност да ги проценуваат политиките и практиките на тие служби;
- ќе бидат способни да ги опишуваат и критички да ги проценуваат силните и слабите страни на управувањето со кризи и активностите на службите за итни повици;
- ќе ги научат најзначајните принципи на соработка и одговор на кризни состојби;
- ќе ја разберат потребата за постоење на таквите служби и насоките за нивен развој;

## ***Кризи и кризен менаџмент (6 ЕКТС)***

Со оваа предметна програма студентите ќе се стекнат со процедурите, техниките, опремата и други форми на организација кои се користат при менаџирање на кризни состојби, несреќи/катастрофи и големи инциденти. Тие ќе се стекнат со знаење и вештини за лидерство и вештини за решавање на проблеми, како и со знаења за околностите, протоколите и меѓусебните односи на субјектите при современиот кризен менаџмент. Студентите ќе се оспособат за реализација на case study и реализација на сценарија во училница преку дискусија и практични вежби. Ова ќе биде подготовка за примена на менаџерските процеси при реални кризни ситуации.

# ***НАСОКА КРИЗНИ ПОЛИТИКИ И КОМУНИКАЦИИ***

## ***Мултикултурализам и интеркултурни кризни комуникации (6 ЕКТС)***

Предметот ги разгледува и анализира различните аспекти мултикултурализмот. Се изучуваат ризиците од конфликт во мултикултурни општества како и потребата за правовремена комуникација во истите. Посебен акцент се става на комуникацијата во време на кризи во мултикултурните општества и алатките за ублажување на конфликтите и решавање на кризите.
Предметот ќе им помогне на студентите да ги разберат културните разлики и особености ширум светот и ќе ги оспособи за организациска комуникација, лидерство и способност за донесување одлуки од суштинско значење во интеркултурните средини.

## ***Психологија на криза и кризни интервенции (6 ЕКТС)***

Запознавање на студентите со теоретските модели на психолошка криза, со механизмите за надминување на кризата како и со подобрување на професионално функционирање во текот на управувањето со кризни ситуации. Запознавање со современите модели на интервенција во криза како начин на опоравување од кризата и развивање на резилиентност.

## ***Секуритизација и десекуритизација (6 ЕКТС)***

Целта е студентите да се запознаат со теоријата за секуритизација во широкиот концепт на безбедноста како и нејзината примена во емпириските анализи. Предметот тргнува од сваќањето на секуритизацијата развиена во рамките на Копенхашката школа за безбедност, но излегува и од нејзини рамки и ги опфаќа и новите пристапи за изучување на овие теми од безбедноста во услови на криза и кризна состојба.

## ***Креирање и анализа на јавни политики во безбедноста и кризниот менаџмент (6 ЕКТС)***

Да се разбере местото на анализата на јавните политики во процесот на креирање политика, како и да се разбери значењето на секоја од фазите во тој процес. Воедно да се совладаат аналитичките алатки и техники во функција на креирањето на политиките.
Запознавање со процесот на анализа на јавните политики, нивната функција во процесот на креирање политики, со начинот на структурирање на конкретен политички проблем, прогнозирање мна резултатите, селектирање на препорака за тоа каква политика треба да се води во врска со конкретниот проблем, начинот на следење на ефектите од политиките што се спроведуваат и нивно вреднување. Во контекст на овој предмет, внимание се посветува и на процесот и начините на аргументирање, како и на начинот на презентирање на резултатите од направените анализи

## ***НАСОКА ЗАШТИТА НА КРИТИЧНА СТРУКТУРА***

### ***Заштита на вредносен систем на Република Македонија (6 ЕКТС)***

Студентот, преку стекнување на сознанија во врска со препознавање на вредностите на системот на државата, како и со надградбата со проблематиката која се однесува на современата безбедносна стратегија за заштита на истите, ќе се здобие со доволно стручни знаења и искуство за да може оперативно, во целина и ефикасно, да работи во органите за спроведување на законите во врска со предлагање на мерки и активности , како и изградба на стратегија за заштита на вредносниот систем на државата од различните видови загрозувања, како одвнатре така и од странство, како и да менаџира со креирање на стратегија и меѓуинституционална соработка во заштита на вредносниотсистем и проактивното делување спречување на загрозувањето на истиот.
Студентот ќе развие и способност за препознавање на елементите на вредносниот систем,како и конципирање на систем за заштита на истиот.

### ***Тероризам и менаџирање на инциденти пост тероризам (6 ЕКТС)***

Студентот, преку стекнување на основните сознанија во врска со проблемот на тероризмот, како и со надградбата со проблематиката која се однесува на современата безбедносна стратегија за спречување на појавните облици на тероризам, ќе се здобие со доволно стручни знаења и искуство за да може оперативно, во целина и ефикасно, да работи во органите за спроведување на законите во врска со откривањето и докажувањето на организираниот криминалитет и тероризмот, како и да менаџира со критични ситуации и управува и проактивното делува против тероризмот.

### ***Безбедност и заштита на сообраќајната инфраструктурата во сообраќајот (6 ЕКТС)***

Низ стекнување на осовни сознанија за факторите на безбедноста во сообраќајот, сообраќајната инфраструктура, меѓународните и национални стандардите при транспортот на патници, стоки и други услуги во копнениот, водениот и воздушниот сообраќај, како и со стекнување нови сознанија за современиот интегриран сообраќај, студентот ќе се здобие со стручни знаења и искуство за да може ефикасно да работи во органите и институциите за менаџирање со кризни ситуации и безбедност при транспортот.

### ***Геополитиката и заштитата на критичната инфраструктура (6 ЕКТС)***

Стекнување основни знаења за геополитиката
Правилно разбирање на сложената мрежа чинители кои ја детерминираат современата геополитика
Стекнување потребни знаења, способности и вештини за анализа на современата геополитика
Оспособување за донесување соодветни безбедносни проценки, стратегии и политики во услови на современа геополитичка констелација.
Критичната инфраструктура мора да биде посебно заштитена и тоа е од суштинско значење за да се обезбеди нормална работа, бидејќи еден од најтешките проблеми кои може да се случи е т.н. верижна реакција, кој се пренесува на други системи, и доаѓа до множење на последиците. Споменатите резултати на нарушувања во рамките на системи е во теорија опишано како ефект каскада или домино ефект. Поради овие причини, главната задача на управување со критична инфраструктура е спречување или намалување на веројатноста за појава на природни или вештачки предизвикани стимуланси кои можат да доведат до катастрофални нарушувања во заштитените системи.

## ***НАСОКА ЕКОЛОШКИ КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ***

### ***Климатските промени и катастрофи – градење на отпорност (6 ЕКТС)***

Климатските промени претставуваат едни од најсериозните предизвици со кои се соочува човечката заедница. И покрај постоењето на разлики во однос на факторите што ги предизвикува климатските промени, како и што се може да се преземе за да се спречат, сепак, постои консензус околу тоа дека гасовите кои се ослободуваат при согорувањето на фосилните горива предизвикуваат климатски промени преку таканаречениот ефект на стаклена градина.
На глобално ниво најголема веројатност да се соочат со катастрофа имаат сиромашните држави, односно таканаречениот глобален Југ. Само во минатите две децении катастрофите се одговорни за згаснување на повеќе од два милиони жители, а притоа 98% од жртвите се жители на државите во развој. 2/3 од жртвите се предизвикани со катастрофи кои се поврзани со климатските промени. Покрај еднократните неочекувани настани, луѓето кои живеат во урбанизираните населени места се соочуваат со постојани, спори, метереолошки поврзани промени кои се предизвикани од климатските промени. Во урбаните заедници каде институцуоналните одговори се ограничени во поглед на ресурсите поврзани со капацитетот, домаќинствата, малите бизниси и населените места претставуваат основните единици кои предничат во адаптацијата која се случува на локално ниво.

### ***Планирање на животната средина во кризна состојба (6 ЕКТС)***

Цел на предметната програма (компетенции): студентите да се стекнат со напредни знаења за методологијата и процесот на планирање во услови на криза, вклучувајќи ги стандардите, принципите и методите, особено за заштита на културно наследство, здравствени услуги, при индустриски хаварии и др. Преку разбирање на теориската рамка и примената на овој концепт, студентите треба да се оспособат да ги анализираат и да планираат, да изработуваат планови, да конструираат сценарија. Исто така, тие ќе се стекнат со знаења за сите аспекти на вонредната состојба, планирање во услови на криза, одговор на кризи и обнова.

### ***Глобални еколошки закани  (6 ЕКТС)***

Основната цел на предметната програма е да се стекнат современи научни сознанија од областа на еколошката безбедност. Како примарна задача се поставува предизвикот да се подигне свеста за значењето на глобалните еколошки закани и нивното влијание врз безбедноста. Следствено на тоа, кандидатите на Втор циклус треба да се стекнат со соодветни знаења и вештини за правилно анализирање на овие безбедносни ризици и предизвици и да се запознаат со современите стратегии за нивно справување

### ***Природни непогоди, ранливост и закрепнување  (6 ЕКТС)***

Овој предмет има за цел да ги подготви студентите со растечката потреба за препознавање на ризиците, како и намалувањето на последиците од случени катастрофи. Затоа, цел е студенттие да се запознаат од опасностите и ранливоста од катастрофи предизвикани како од природата.
Под природни непогоди се подразбираат: екстратериторијалните (како што се соларни бури), геофизичките опасности како што се земјотресите, дивите пожари (шумски пожари), цунамија, лизгање на земјиште, вулкани, понатаму метереолошките, како што се: бури, торнада, поплави и суши.
Студентите ќе научат да препознаат и разликуваат различни степени на загрозеност на заедницата од природните непогоди, со особена нагласеност на нивната зачестеност, човековата ранливост, како и нашата способност да ги предвидиме во рамки на постоечките научни ограничувања.

## ***НАСОКА КОРПОРАТИВЕН И БИЗНИС РИЗИК***

### ***Корпоративни финансии и измами (6 ЕКТС)***

Стекнување основни знаења за поимот, улогата и значењето на корпорациите; Цели и задачи на корпорациите; Финансиските извештаи како огледало за вреднување на корпорациите. Студентите ќе можат да се запознаат со дел од шемите на измама во корпорациите како и јасно препознавање на доказите во истрагите кај финансиските измами во корпорациите.

### ***Проценка на безбедносен ризик во приватната безбедност (6 ЕКТС)***

Стекнување продлабочени знаења за ризиците воопшто, а посебно за безбедносните ризици во приватниот безбедносен потсистем
Усвојување на најзначајните теоретски парадигми за ризиците, методите, стратегиите и мерките на управување и проценување со безбедносните ризици
Оспособување за самостојно, систематско и квалитетно истражување, анализирање, проценување и прогнозирање на безбедносните ризици

### ***Корпоративна безбедност (6 ЕКТС)***

Студентот ќе може да дефинира, да репрудицира солиден квантум на научни знаења и сознанија за корпоративната безбедност (поимно и терминолошко определување на поимите корпорација, корпоративна безбедност и корпорациска безбедност);
Стекнување основни знаења за поимот, улогата и значењето на корпоративната безбедност во безбедносниот систем; Цели и задачи на корпоративната безбедност; Вредности на корпорацијата; Принципи на функционирање на корпорациите; Функции на корпоративната безбедност; Начела на функционирање и развој на системот на корпоративна безбедност; Оспособување за препознавање, проценување и справување со ризиците, заканите и загрозувањата во сферата на корпоративната безбедност (политички криминалитет, општ криминалитет, економски криминалитет); Процена на ризик и процена на безбедноста на работењето во корпорацијата; Улогата на менаџерот за безбедност во управување со ризиците;
Оспособување за примена на најсоодветните мерки за превенција од ризици, закани и загрозувања во корпоративната безбедност;

### ***Корпоративна безбедност и злоупотреба на довербата (6 ЕКТС)***

Стекнување со знаења и вештини за облиците на корпоративна одговорност, како одговорност која е востановена во Република Македонија со воведувањето на кривично – правната одговорност за правните лица. Одговорноста на правните лица е паралелна со одговорноста на службените, одговорните лица во домашни и странски правни лица, односно корпоративната одговорност е поврзана со злоупотребата на довербата во извршувањето на работите и работните задачи доверени согласно закон. Последиците од злоупотребата на довербата се општествено опасни криминални поведенија со кои се нанесуваат штети на правните лица, но и штети на Државниот буџет. Препознавањето на појавните облици и форми на криминал за кој се одговорни правните лица е вештина со која треба да се стекнат лицата од органите на прогон и инспекциските служби надлежни за работи во предистражната и истражната постапка во функција на успешно покренување и спроведување на кривична постапка и изрекување на мерка конфискација на криминално стекнати приноси и имот.

## ***НАСОКА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ***

### ***Управување со човечки ресурси во безбедносниот сектор (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма се студентот да стекне напредни знаења за управувањето со човечките ресурси, особено за управувањето со човечките ресури во безбедносниот сектор. Управувањето со човечките ресурси е суштински значаен дел на политиките кои ги спорведува секоја организација, а запознавајќи се со тие активности, студентите:
- ќе стекнат познавања за управувањето со човечки ресурси во органзиацијата
- ќе бидат способни да го препознаат и проценат системот на управување со човечки ресурси во безбедносниот сектор
- ќе бидат во можност да ги разликуваат најважните принципи на управувањето со човечки ресурси во безбедносниот сектор;
- ќе бидат способни да ги разберат стратегиите и планирањето на активностите на човечките ресурси

### ***Контрола на безбедносниот систем (6 ЕКТС)***

Потребата за целосна заштита на човековите слободи и права наложува професионалност, транспарентност и отчетност на институциите во рамки на безбедносниот систем. Надоградување на познавањата за функциите на безбедносниот менаџмент. Студентите ќе бидат способни да ги оценуваат и да ги вреднуваат активностите на припадниците на безбедносниот систем. Тие ќе се запознаат со генералната состојба и идните перспективи на контролата и надзорот врз безбедносниот систем на Република Македонија преку облиците на формална и неформална контрола и надзор кои се спроведуваат.

### ***Кризен менаџмент во управата (6 ЕКТС)***

**Цели на предметната програма** е да се стекнат знаења за нормативната рамка и начинот на делување на органите на државната управа и управните организации особено во кризни ситуации, развој на способности за разбирање на причините за внатрешните кризи во органите на државната управа и управните организации и начин на организирање и делување на органите на државната управа и управните организации во кризно опкружување.

### ***Родови прашања во кризниот менаџмент (6 ЕКТС)***

Цел на предметната програма е проучување на родовите прашања при справување со кризи. Особено вниманието е посветено на вклучување на родовата перспектива во теми поврзани со превенцијата, справувањето и управувањето со кризите. Во наставниот процес се изучуваат специфичностите поврзани со ранливоста на жените и децата од природни непогоди, закани и опасности од политички и хуманитарен карактер. Посебно внимание се посветува на нееднаквоста во контекст на општествената конструкција на родот и влијанието на родот врз природата и обемот на ранливоста и потребите на жените и децата.  Темите кои се проучуваат вклучуваат компаративна перспектива во проучувањето на изложеноста и загрозеноста  и на мажите и на жените во кризни состојби. Појдовна точка е дека секојдневното живеење на мажите и на жените се разликува, а исто така различно се изложени на ризици за време на кризни ситуации. Жените и децата се насразмерно повеќе изложени на насилство и немаат еднаков пристапот до различните ресурси и до заштита.

## ***НАСОКА ЕУ И КРИЗНИОТ МЕНАЏМЕНТ***

### ***Моделот на ЕУ во управувањето со кризи (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма се студентот да стекне знаења во комплексноста на активностите на ЕУ во областа на кризниот менаџмент. Преку запознавање со институциите и политиките на ЕУ во областа на надворешната, безбедносната и одбранбената политика студентите:
-ќе бидат во можност да го разберат концептот, главните принципи на кризниот менаџмент на ЕУ историскиот контекст и институционален бекграунд;
- ќе се стknат со способности/компетенции да ги проучуваат и истражуваат главните тенденции во развојот на системот на управување /менаџирање на кризи на ЕУ;
- ќе се стекнат со способност да ги опишуваат и критички да ги проценуваат дебатите кои ги обликуваат современите размислувања за ЕУ и кризниот менаџмент и влијанието врз РМ во тој контекст.

### ***Цивилни мисии и воени операции за менаџирање со кризи на ЕУ (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма се студентот да стекне напредни знаења цивилните мисии и воените операции кои ЕУ ги презема во рамките на Заедничката надворешна и безбедносна политика. Менаџирањето со кризи е суштински значаен дел на политиките кои ги спорведува ЕУ, а запознавајќи се со мисиите и операциите студентите:
- ќе стекнат познавања за мисиите и операциите на ЕУ;
- ќе бидат во можност да ги разликуваат цивилните мисии од воените операции;
- ќе бидат способни да го разберат планирањето на цивилните мисии и воените операции во ЕУ;
- ќе ги знаат најзначајните мисии и операции на ЕУ и ќе бидат во можност да ги проценуваат политиките и практиките на мисиите и операциите;
- ќе бидат способни да ги опишуваат и критички да ги проценуваат силните и слабите страни на менаџирањето со кризи од страна на институциите на ЕУ;
- ќе ја разберат потребата и политиката на ЕУ да работи на менаџирањето со кризи во многу делови на светот;

### ***Кризен менаџмент во ЕУ: структура и операционализација на активностите (6 ЕКТС)***

Во последните десетина, а особено по стапувањето во сила на Лисабонскиот договор (2009 година), ЕУ преку рамката на Заедничката надворешна и безбедносна политика започна поинтензивно да ги гради институциите и капацитетите од областа на безбедноста и одбраната, вклучително и од кризниот менаџмент. Земајќи ги предвид искуствата и научените лекции на инструментите на ЕУ кои дел од структурата на кризниот менаџмент, предметот има за цел преку совладување на тематските целини студентите:
- да имаат подетален преглед на структурата, институциите и инструментите на кризниот менаџмент во рамките на ЕУ;
- да имаат појасен преглед на структурата од аспект на поставеноста и улогата на политичкото ниво во процесот на доеснување на одулки и на практичарското (оперативното) ниво како извршна компонента во системот;
- да имаат преглед врз степенот на безбедносната интеграција на цивилната и на воената компонента на кризниот менаџмент (особено со решенијата предвидени со Лисабонскиот договор), и воедно да изградат критички став кон прашањата коишто се однесуваат на поставеноста и на проблемите кои произлегуваат од актуелните организациски решенија;

***Улога на ЕУ во управувањето со кризи: институции и соработка (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма ќе биде разгледувана заедничката надоврешна и безбедносна политика, како и заедничката европска безбедносна и одбранбена политика и институции.
Студентите ќе бидат во можност да ги разберат надлежносите на Европската унија во односите на Унијата со третите земји, договорите на Европската унија Обединетите нации, договор помеѓу Евроската унија и и НАТО и други договори склучени со третите земји, а во врска со заедничката надворешната и безбедносна политика и учеството на Европската унија во меѓународните мировни операции.
Студентите ќе се стекнат со способност да се запозанаат и учествуваат во институциите надлежни за безбедносни прашања како што се Воен комитет на Европската унија, Комитет за политички и безбедносни работи и Европската комисија.
Студентите ќе ги анализираат факторите кои придонесуваат за стабилноста, но и за идните промени на постоечката безбедносна средина. Во рамки на овој предмет подетално се изучува историјата, создавањето и развојот на безбедносните институции и процеси на Европската унија. Посебен акцент е ставен на структурата, организацијата и водењето на меѓанородни безбедосни мисии.

## ***НАСОКА КРИМИНОЛОШКИ ДИМЕНЗИИ ЗА КРИЗАТА***

***Транзициона правда (6 ЕКТС)***

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да може да:

- ја разбере нужноста од процесот на помирувањето во постконфликтите општества;
- ја рабере поврзаноста помеѓу утврдувањето на вистината, помирувањето, и транзицоната правда;
- се сензибилизира за страдањата на жртвите на масовни злосторства критички се осврне на можните злоупотреби на транзиционата правда и нејзиното инструментализирање

***Трговија со луѓе, нелегална миграција и криумчарење мигранти (6 ЕКТС)***

Нелегалната миграција, криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе (одвоени или заедно) можат да предизвикаат кризи, кризни состојби, како и понатамошни конфликти кои во екстремни случаи можат да ја загрозат сигурноста во глобални рамки, па дури да ја доведат во прашање стабилноста во светски рамки.
Примерот на Македонија, како и на земјите од региониот кои се на патот (рутата) на движењето на мигрантите, очекуваме да ги мотивира постдиплом- ците да го проучуваат овие појави и преку продлабочено истражување да ги осознаваат врските помеѓу глобалните движења како што е бегалската криза и миграцијата (во нејзината легална и илегална форма) и сигурноста/безбедноста. Воедно во рамките на силабусот ќе се изучуваат можните одговори на државата, но и на другите субјекти (пред се на невладиниот сектор) во превенирањето, сузбивањето, и вкушното третирање

***Организиран криминал и корупција (6 ЕКТС)***

Целта на овој предмет е да им овозможи на постдипломците продлабочено да се запознаат со етиологијата и феноменологијата на мултидимензионалната природа на организираниот криминал и корупцијата, како и со причините за нивната нераскинлива поврзаност особено со оглед на специфичните емпириски состојби и услови во Република Македонија. Во тој контекст посебно значајно е да се разбере дистинкцијата помеѓу корупцијата, како поширок поим од организираниот криминал, но и транцеденталноста на поимот на организираниот криминал во сите аспекти на

неговата практично консеквентна релеванција. Исто така, внимание ќе биде посветено и на сложенат и повеќеслојна причинско-последична поврзаност на овие феномени со системската криза која перманентно трае во Република Македонија 24 години и циклично генерира помали или поголеми по обем и интензитет политички, институционални и безбедносни кризи. Во таа насока, исклучително значајно ќе биде да се сфати потребата од системско-стратешкиот пристап при проекција на една кохерентна, комлементарна и квалитативно нова национална стратегија, којашто симултано треба да се изведе во борбата против организираниот криминал и корупцијата.

***<u>Превенција на нековенционален криминал  (6 ЕКТС)</u>***

Целта на овој предмет е да им овозможи на постдипломците продлабочено да се запознаат со разликите меѓу конвенционалните и неконвенционалните облици на криминал односно критериумите за нивно разликување, прелевањето и мешањето на конвенционалните и неконвенционалните облици на криминал; Етиологијата на посебните видови неконвенционален криминал; Потребата од посебен кривично-правен третеман и посебна стратегија за нивно превенирање и репресија